БИЗНИС
КОНФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# МОЖЕБИ И ТИ СИ ВОВЛЕЧЕН ВО ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Водич за работодавачи за спречување трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ



**Поимот „трудова експлоатација“ во контекст на трговијата со луѓе се користи за да се опфатат, најмалку, принудната работа или услуги, ропството или практики слични на ропството и слугувањето.**

\- ГРЕТА - Група на експерти за борба против трговијата со луѓе



# За водичот

Во денешниот глобализиран свет, трговијата со луѓе постои како сериозно кршење на човековите права и достоинство, што влијае на поединци во различни сектори. Водичот има за цел да ги екипира работодавачите со основни знаења и ресурси за борба против трговијата со луѓе во рамките на нивните операции. Најпрво, се дефинира трговијата со луѓе и нејзините клучни карактеристики. Потоа, се претставуваат вообичаените предупредувачки знаци за да им помогнеме на работодавачите да идентификуваат потенцијални случаи на трговија со луѓе. Следно, се разгледува правната рамка околу трговијата со луѓе за да се обезбеди усогласеност и одговорност. Дополнително, се истражува длабокото влијание на трговијата со луѓе врз бизнисите, почнувајќи од повреда на угледот до правни обврски. Конечно, се обезбедуваат насоки за пријавување сомнителни случаи на трговија со луѓе, давајќи им можност на работодавачите да преземат проактивни чекори во решавањето на ова прашање.


**01** Вовед и дефиниции

**02** Предупредувачки знаци

**03** Правна рамка

**04** Влијание врз бизнисот

**05** Пријавување










# Вовед и дефиниции

**ТЕРМИНОТ „ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА“ СЕ ОДНЕСУВА НА ЦЕЛИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 4 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ЗА АКЦИЈА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА (2005), А КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА СЕКОЈА РАБОТА ИЛИ УСЛУГА КОЈА СЕ ИЗНУДУВА ОД НЕКОЕ ЛИЦЕ ПОД ЗАКАНА ОД КАКВА БИЛО КАЗНА И ЗА КОЈАШТО НАВЕДЕНОТО ЛИЦЕ НЕ СЕ ПРИЈАВИЛО ДОБРОВОЛНО.**

**Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа** изразот **„трговија со луѓе”** го дефинира како **вработување**, **транспорт**, **трансфер**, **сместување или прифаќање на лица, со закана или употреба на сила или други форми на принуда, со грабнување, криумчарење, измама, злоупотреба на власта или на состојбата на немоќ, или со нудење или прифаќање на пари или корист заради добивање согласност од некое лице кое има власт над друго лице, со цел за експлоатација**. Експлоатацијата подразбира, во најмала мера, експлоатација со проституција на друго лице или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или постапувања слични на ропство, зависност или земање органи. Речиси целата трговија со луѓе произлегува од некој вид злоупотреба на луѓето и предизвикува ранливост и повреда. Трговците со луѓе често се насочени кон обесправените поединци со најмала законска и социјална заштита, искористувајќи ги нивните економски тешкотии, недостаток на образование или имиграциски статус. Недостатокот на правен статус на многу мигранти ги прави ранливи и при транзит и по пристигнување на нивната дестинација. Таргетираните жртви и мигрантите можат да бидат изложени на физичко и психичко малтретирање, при што нивните основни човекови права систематски се прекршуваат. И покрај тековните напори, трговијата со луѓе останува итен предизвик.

Трговијата со работа или трудова експлоатација на поединец или група на луѓе заради финансиска добивка или останата материјална и нематеријална корист, е противправен акт. Трговците со луѓе ги третираат луѓето како предмети, профитираат од искористувањето на нивната работна сила и користат сила, измама или принуда за да ги натераат луѓето да работат или да даваат услуги против нивна волја и да го отежнат или оневозможат нивното заминување. Поединците кои се предмет на трговија со луѓе не се слободни да ги направат своите сопствени животни избори, како на пример каде да работат, кога да земат слободно време, каде да живеат или како да ги контролираат сопствените финансии.



**Денес, повеќе од 40 милиони поединци се жртви на модерно ропство , со 24,9 милиони заробени на принудна работа во секторите како угостителство, градежништво и земјоделство, заедно со 4,8 милиони во сексуална експлоатација и 4 милиони подложени на принудна работа наметната од државата.**

- Меѓународна организација на трудот

# Предупредувачки знаци дека се работи за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

## ОГРАНИЧЕНО ДВИЖЕЊЕ

Компанијата не смее да воведе ограничена слобода на движење на работниците како и постојан надзор во текот на целиот ден. Работниците не смеат да бидат ограничени во своето движење во текот на **24** часа, т.е да бидат заробени  на работното место, особено доколку се работи за користење пауза и/или задоволување на физиолошки потреби.





## ИЗОЛАЦИЈА

Во ниеден случај работовадачите, не смеат да ги изолираат работниците од јавниот и социјалниот живот, како и од пријателите и семејството. Ограничениот контакт и комуникација со другите се знаци на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.

## КОНФИСКАЦИЈА/ОДЗЕМАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Компаниите, не смеат да им ги одземат документите за идентификација, пасошите или работните дозволи на работниците за да го контролираат и ограничат нивното движење.





## СУПСТАНДАРДНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ

Работниците не смеат да бидат принудени да живеат во пренатрупани и нехигиенски услови или пак да бидат принудени на работно место со мал или никаков пристап до основните услови за живот.

# Предупредувачки знаци дека се работи за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

## ПРЕКУМЕРНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Прекувременото и нередовно работно време, честопати далеку над законските граници, укажува на експлоатација. Ова може да биде поврзано со несоодветни паузи или периоди на одмор.



## ФИЗИЧКО МАЛТРЕТИРАЊЕ



Компаниите и назначените надредени не смеат да применат физичко малтретирање. Исто така, тие не смеат да применуваат застрашувачко однесување, прекорување или наредби за покорно однесување на работниците.

## ЗАДРЖАНИ ПЛАТИ

Работниците мора да добиваат редовни плати за вложениот труд. Треба да се избегнува задржување на нивните заработки, како би се создала зависност и дополнително заробување.



## НЕРЕАЛНИ ПОНУДИ ЗА РАБОТА




Не смеат да се ветуваат високо платени работни места со одлични работни услови кои изгледаат премногу добри за да бидат вистинити. Компаниите не смеат да применуваат измамнички практики на вработување.

# Предупредувачки знаци дека се работи за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

## КОНФИСКУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ

На работниците мора да им се дозволи да поседуваат лични работи или да им се обезбеди облека (работна или цивилно професионална). На работниците мора да им се обезбеди или осигура чувство на лична автономија.





## СТРАВ И НЕДОВЕРБА

На работниците мора да им се обезбеди и осигура чувството на слобода и сигурност. Тие треба да се чуствуваат сигурни кога сакаат да укажат или зборуваат за одредени состојби. Компаниите треба јасно и видливо да им обезбедат информации за достапност и контактирање со инспекциски надзор или со органите за безбедност, мир и сигурност.

### Препорака КМ/Преп.(2022)21 Усвоена од Комитетот на Министри на Советот на Европа на 27 септември 2022:

**Бизнисите имаат законска и етичка обврска да ги гарантираат работничките права и да ги заштитат вработените со директни договори за вработување или преку други аранжмани од експлоататорски практики што вклучуваат трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.** Понатаму, тие имаат одговорност според Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права да дејствуваат со должно внимание и да преземат мерки против таквите практики за да не се спроведуваат во нивниот бизнис или во нивниот синџир на снабдување или кај деловните партнери со кои работат во земјата или во странство, вклучувајќи ги и приватните агенции за вработување и ангажирање. Бизнисите исто така имаат одговорност проактивно да ги проверуваат и проценат условите за вработување и усогласеноста со деловните односи, вклучително и во нивното работење и синџири на снабдување. Улогата на бизнисите вклучува усвојување и спроведување мерки за олеснување на пристапот до правни лекови за жртвите за каква било штета што ќе се случи. Понатаму, бизнисите имаат потенцијал да им помогнат на жртвите на трговија со луѓе да ја вратат економската автономија.

# Правна рамка

**ВО ЗАКОНСКАТА РАМКА СО КОЈА СЕ РЕГУЛИРААТ ВРАБОТУВАЊЕТО И ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО ОДНОС НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И НЕЈЗИНАТА ПРЕВЕНЦИЈА СПАЃААТ:**

1. **Законот за работни односи**
2. **Законот за инспекција на трудот**
3. **Законот за минимална плата**
4. **Законот за вработување и работа на странци**
5. **Законот за безбедност и здравје при работа**
6. **Законот за агенциите за привремено вработување**
7. **Законот за евиденции од областа на трудот**
8. **Законот за заштита на децата**
9. **Законот за семејство**

# Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа

## 1 Цел на конвенцијата

Оваа Конвенција има за цел :
а. превенција и сузбивање на трговијата со луѓе, со гарантирање еднаквост меѓу жените и мажите ;
б. заштита на правата на жртвите од трговија,востановување целосна рамка за заштита и помош на жртвите и на сведоците, со гарантирање еднаквост помеѓу жените и мажите, како и обезбедување ефикасни истраги и гонења ;
в. унапредување на меѓународната соработка во доменот на трговијата со луѓе.

## 2 Поле на примена

Оваа Конвенција се применува на сите видови трговија со луѓе, на национален или транснационален план, кои се поврзани или не се поврзани со организираниот криминал.

## 3 Мерки за обесхрабрување на побарувачката

Заради обесхрабрување на побарувачката што ги фаворизира сите форми на експлоатација на лицата особено жените и децата, секоја Страна усвојува или зајакнува законски, административни,едукативни, социјални, културни или други мерки, вклучувајќи:

- истражувања на најдобрите практики, методи и стратегии;
- мерки за јакнење на свеста за одговорноста и важната улога на медиумите и на граѓанското општество заради идентификување на побарувачката како една од најголемите причини за трговијата со луѓе;
- кампањи за информирање, вклучувајќи ги, ако е соодветно, покрај другите, и јавните органи и политичките фактори;
- превентивни мерки што подразбирааат едукативни програми наменети за девојки и момчиња во текот на нивното школување, што го нагласуваат неприфатливиот карактер на дискриминацијата заснована на пол, и нејзините кобни последици, значењето на еднаквоста меѓу жените и мажите, како и достоинството и интегритетот насекое човечко суштество.

**Линк до целосната Конвенција за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа: https://shorturl.at/3a6rj**

# Влијание врз бизнисот

**РЕПУТАЦИЈА И БРЕНД**

Кампањите на невладините организации (НВО), синдикатите, потрошувачите и другите засегнати страни превземајќи мерки против компаниите, може да резултираат со намалена продажба и ерозија на брендот на една компанија. Ова исто така може да наштети и врз задржувањето на вработените и да ја направи компанијата помалку привлечна за потенцијалните вработени.

**ФИНАНСИСКИ РИЗИК**

Бојкотите на потрошувачите против компаниите за кои се тврди или за кои е откриено дека практикуваат принудна работа и трудова експлоатација во нивниот синџир на снабдување може да резултираат со намалена продажба. Отстранувањето, избегнувањето или зголемените трошоци за финансии од страна на инвеститорите и давателите на финансии (од кои многу повеќе ги применуваат еколошките, социјалните и критериумите за добро управување (ESG) при нивното одлучување) може да резултира со намален или поскап пристап до капитал и намалена вредност на акционерите.

**ПРАВЕН РИЗИК**

Легислативата против модерното ропство, која може да бара задолжителна детална анализа и обврска за известување, ги зголемува ризиците за усогласеност со Законите, бидејќи може да постои ризик од значителни казни во случај на неисполнување на овие обврски. Неколку европски земји и самата ЕУ донесоа или донесуваат последователна, мултитериторијална легислатива насочена кон принудната работа во глобалните синџири на вредности. Ова ги зголемува правните ризици за компаниите кои не успеваат да се погрижат нивните операции и синџири на вредност да бидат без работничко ропство и трудова експлоатација. Ваквите неуспеси носат со себе и дополнителни финансиски и оперативни ризици како резултат на прекин на оперативниот и синџирот на снабдување.

**ОПЕРАТИВЕН РИЗИК**

Промените во синџирите на снабдување на компаниите направени како одговор на откривањето на принудна работа може да резултираат со прекин. На пример, компаниите може да почувствуваат потреба да ги раскинат договорите со добавувачи (што резултира со потенцијално повисоки трошоци и/или оперативно нарушување) и да ги насочат активностите за набавка на локации со помал ризик. Дополнително, ќе треба да се посветат внатрешни ресурси за да се решат сите проблеми/пријави, кои бараат посветеност на раководството и релевантните тимови. Ова е особено случај ако компанијата нема воспоставено соодветни процедури и системи за длабинска анализа.

# Пријавување и надлежни институции во Република Северна Македонија

RED BUTTON

ПРИЈАВИ ЗЛОУПОТРЕБА ИЛИ НАСИЛСТВО

**Државниот инспекторат за труд има клучна улога во идентификувањето на можните жртви на трговијата со луѓе со цел експлоатација на трудот во земјата и во решавањето на основните фактори поврзани со операциите на пазарот на труд, особено со повредата на правата од работа. Државниот инспекторат за труд е тело во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Независноста на трудовите инспектори кои ги извршуваат своите должности е гарантирана со закон. Инспекторатот за труд, според Законот за инспекцијата на трудот, има мандат да:**

- **ги проверува прописите во областа на работните односи;**
- **спречува злоупотреба на работничките права од работодавачите.**

## ОВЛАСТУВАЊАТА НА ТРУДОВИТЕ ИНСПЕКТОРИ

Овластувањата на трудовите инспектори опфаќаат:
- контрола на работните простории, работните места и на работните услови;
- инспекција на техничкиот и на технолошкиот процес;
- инспекција на работната опрема, здравствената и безбедносната организација, работните услови, сметките и сите релевантни документи и договори

## КОЈ СЕ Е ЗАСЕГНАТ И КАДЕ МОЖЕТЕ ДА СЕ ОБРАТИТЕ

Освен итното, односно иницијалното пријавување во најблиската канцеларија на Министерството за Внатрешни Работи - најблиската полициска станица, треба да го контактирате или известите:

-Центарот за жртвите на трговијата со луѓе – посебна подружница за социјална заштита при Министерството за социјална политика, демографија и млади.

-Канцеларијата на Националниот механизам за упатување која има блиска соработка со 30 центри за социјална работа што се основани низ цела држава,

-Единицата за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во рамките на Министерството за внатрешни работи.

- Бизнис Конфедерација на Северна Македонија има дигитална база на податоци со закони

- Синдикатите како: „Сојуз на Синдикатите на Македонија“ и „Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија“ имаат правни служби кои можат да понудат правни лекови за експлоатација и/или нарушени работнички права.

# Пријавете

**Можеби некои од компаниите кои пружаат услуги во Вашиот сектор вршат трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Доколку имате сознанија, информации или сомневање за можна трудова експлоатација или трговија со луѓе пријавете на:**

**192**

СОС Линија:
**0800 11 111**

Државен инспекторат за труд:
**151 31**

**redbutton.mvr.gov.mk**

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.



Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЕУ со ТЕБЕ